**20080370587**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

Врз основа член 46 од Законот за безбедност и здравје при работа („Службен весник на Република Македонија" бр.92/07), министерот за труд и социјална политика, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА УСЛОВИТЕ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ, ОРГАНИЗАЦИЈАТА, ТЕХНИЧКИТЕ И ДРУГИ УСЛОВИ КОИ ТРЕБА ДА ГИ ИСПОЛНИ ПРАВНОТО ИЛИ ФИЗИЧКОТО ЛИЦЕ ЗА ВРШЕЊЕ СТРУЧНИ РАБОТИ

Член 1

Со овој правилник се утврдуваат условите за вработените, организацијата, техничките и други услови кои треба да ги исполни правното или физичкото лице за вршење на стручни работи за безбедност при работа.

Член 2

Стручни работи за безбедност при работа според член 1 од овој правилник се:

1. проценка на ризикот;
2. редовно тестирање и контрола на опремата за работа;
3. концепт на изјава за безбедност;
4. изработка и спроведување на програми за обука на вработените за безбедно извршување на работата, и
5. вршење на периодични мерења на хемиски, физички и биолошки штетности и на микроклиматските услови во работната средина.

Член 3

За вршење на работите проценка на ризик, правното или физичкото лице треба да има вработено најмалку три стручни лица со високо образование, отсек заштита при работа, технички или друг отсек кој одговара на дејноста на работодавачот, со најмалку пет години работен стаж во струката.

Член 4

За вршење на работите за редовно тестирање и контрола на опремата за работа, правното или физичкото лице треба да има вработено најмалку три стручни лица со високо образование, отсек заштита при работа ,технички или друг отсек кој одговара на дејноста на работодавачот со најмалку три години работен стаж во струката.

Член 5

За вршење на работите изработка концепт за изјава за безбедност, правното или физичкото лице треба да има вработено најмалку три стручни лица со високо образование, отсек заштита при работа, технички или друг отсек, со најмалку пет години работен стаж во струката.

Член 6

За вршење на работите изработка и спроведување на програми за обука на вработените за безбедно извршување на работата, правното или физичкото лице треба да има вработено најмалку три стручни лица со високо образование, отсек заштита при работа ,технички или друг отсек, со најмалку три години работен стаж во струката.

Член 7

За вршење на работите периодични мерења на физичките штетности во работната средина, правното или физичкото лице треба да има вработено најмалку три стручни лица со високо образование, отсек за физика, хемија или хемиско-технолошки и електротехнички отсек со најмалку три години работен стаж во струката.

Член 8

За вршење на работите периодични мерења на хемиските штетности во работната средина, правното или физичкото лице треба да има вработено најмалку три стручни лица со високо образование од хемиски или технолошки отсек, со најмалку три години работен стаж во струката.

Член 9

За вршење на работите периодични мерења на биолошки штетности во работната средина, правното или физичкото лице треба да има вработено најмалку три стручни лица со високо образование од биолошки отсек, со најмалку три години работен стаж во струката.

Член 10

Правното или физичкото лице за вршење на поедини работи утврдени во членот 2 од овој правилник, може да формираат сектори односно одделенија како специјализирани форми на организација за одредена услуга за која добиле овластување.

Член 11

Покрај кадровските услови утврдени во членовите 4, 5, 6, 7, 8 и 9 од овој правилник, правното или физичкото лице кое врши стручни работи за безбедност при работа, треба да има потребна мерна и техничка опрема и соодветни работни простории.

Мерно и техничката опрема за вршење на мерења и контрола треба да е исправна и уредно да се одржува, согласно техничките податоци, начините и роковите утврдени од производителот на опремата.

Мерно- техничката опрема за вршење на мерења од член 2 точките 2 и 5 од овој правилник е утврдена во Прилогот кој е составен дел на овој правилник.

За редовно тестирање и контрола на опремата за работа, вршење на периодични мерења на хемиските, физичките, биолошките штетности, микроклиматските услови како и за изработка и спроведување на програми за обука на вработените за безбедно извршување на работата, правното или физичкото лице треба да поседува најмалку три работни простории од кои:

- една работна просторија со површина од 20 м$^2$ наменета за административно-техички работи, евиденција и документација;
- една работна просторија од 25 м$^2$ наменета на лабораториски и други испитувања, сместување на мерно-техничката опрема, складирање на соодветни реагенси , материјали и сл. и
- една работна просторија од 25 м$^2$ наменета за настава и спроведување на програми за обука на вработените за безбедно извршување на работите.

Член 12

По основ барање на работодавач, постапката за спроведување на програми за обука на вработените за безбедно извршување на работата, освен во работната просторија наведена во член 11 став 4 алинеја 3 од овој правилник, може да се врши и во работните простории кај работодавачот.

Правните и физичките лица, дел од постапката на редовно тестирање и контрола на опремата за работа и анализа на примероци од периодични мерења на хемиските, физичките и биолошките штетности, можат да го вршат и во работнита просторија наведена во член 11 став 4 алинеја 2 од овој правилник.

Член 13

Работните простории треба да бидат опремени со работни и помошни маси, столици и друг инвентар според работите кои ќе ги врши правното односно физичкото лице.

Работите простории во кои ќе се вршат испитувања на примероци од хемиските, физичките и биолошките штетности треба да бидат опремени со соодветна вештачка вентилација со најмалку 10 измени на воздухот за еден час, а местата каде ќе се врши испитувањето, треба да бидат опремени со дополнителен локален систем за одвод на штетностите од воздухот.

Количествата на воздух и течности кои содржат штетни состојќи а се резултат од извршените испитувања, треба да бидат пречистени пред нивното испуштање во атмосферата или отпадниот систем .

Член 14

Со влегување во сила на овој правилник, престанува да важи Правилникот за условите што треба да ги исполнуваат правните лица за добивање овластување за вршење на определени работи од областа на заштитата при работа („Службен весник на Република Македонија" број 31/03).

Член 15

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 07-2906/1
11 март 2008 година
Скопје

Министер,
**Љупчо Мешков**, с.р.

## П Р И Л О Г

**А. Мерно и техничка опрема за физички, хемиски и биолошки штетности**

**I . За физички штетности**

а .Топлина:

- мерило за температура на воздух ,релативна влажност, брзина на струење на воздух и топлотно зрачење;

б. Бучава:

- мерило за бучава кое ги исполнува барањата на стандардите SIST ISO 9612, SIST EN 60 651 и SIST EN 60 804;
- калибратор за мерило од првата алинеја од оваа точка, кој ги исполнува условите на стандардите SIST EN 60 942;
- дозиметар за бучава, кој ги исполнува условите на стандардите IEC 61 252;

в. Осветленост:

- мерило за осветленост (Lx), за боја (V(I)) со косинусна корекција.

г. Вибрации:

- мерило за вибрации, кое овозможува мерење на вибрации кои делуваат на рацете според стандардите SIST ISO 7505, SIST EN ISO 10819, SIST EN ISO 5349-1 и SIST EN

ISO 5349-2, како и вибрации кои делуваат на целото тело,во согласност со стандардите SIST EN 1032 и SIST ISO 5008.

д. Електромагнетни зрачења во поле;

- мерило за UV зрачење, кое овозможува мерење на зрачења, UV зрачења според стандардите SIST EN 61 228,
- мерило за нискофреквентни електромагнетни полиња, кое ги исполнува условите на стандардите IEC 61 786 и SIST ENV 50 166-1,
- мерило за статични - електрични и магнетнин полиња,
- мерило за радиофреквентни електромагнетни полиња (од 10 kHz до 300 GHz),кое овозможува мерење на полиња во склад со стандардите SIST ENV 50 166-2

**II. За хемиски штетности**

а. Врсти на штетности:

1. прашина,
2. прашина во облик на влакна,
3. анорганскi гасови и пареи,
4. органски гасови и пареи,
5. материјали кои бараат посебна аналитичка техника,

**б. Општи барања за опрема за врсти на штетности:**

- црпалки за земање примероци,
- опрема за земање примероци за течни или тврди медиуми, адекватни наставци и припрема за земање примероци (опрема за кондиционирање на филтри, филтри за абсорбција, реагенси),
- направи за мерење со црпалки.
- мерни хронометар или друг мерач на време.
- мерило за температура, релативна влажност, воздушен притисок и брзина на струење на воздух.

**в. Посебни барања за опрема за:**

1. прашина,

- инхалабилни и алвеолни дел, на пример за лесна прашина, гравиметричен,
- прашина од кремен ,кристобалит и талк; рентгенски дифрактометар;
- метали, атомски абсорбциски спектрометар, поларограф, рентгенски флуоросцентни анализатор, UV/V15, спектрометар, ICP – инструмент;
- киселини, бази и соли; јонски хроматограф, потенциометричен анализатор, UV/VIS спектрометар,

2. за прашина во облик на влакна:

- фазно контрастен оптички микроскоп, растерски електронски микроскоп со рентгенски микроанализатор

3. за анорганскi гасови и пареи:

- потенциометричен анализатор, IR спектрометар, UV/VIS спектрофотометар хемолуминосцентни анализатор,

4. за органски гасови и пареи:

- гасен хроматограф,
- висикоодвоен течен хроматограф (HPLC),
- IR спектрофотометар,

г. за материи кои бараат посебна аналитичка техника:

- хроматографи со специфична детекција, мрсна спектроскопија.

**III. за биолошки штетности**

1. Општи барања за опрема:

- обезпрашена комора, дигестори, термостати, ладилници со ладилни ормари, центрифуги, водени купки, дејонизатори за вода, стерилизатори (влажни, суви), тресалки, вакуумска црпалка, pH метри, разни ваги, магнетна мешалка, електричен вибратор, преносни бунсен горилници, разни микроскопи, бомба zN2, CO2, H2, мешалка за гасови, запаливи гасови,

2. Посебни барања за опрема:

- апарати за хомогенизација, одвојувач на воздух, преносна водена лабораторија, електронски бројач на бактерии во однос на колонии, апарат за дијагностика на микроорганизми, електронски микроскоп, ултрацентрифуги, електрофорези, спектрофотометар,
- опрема за: имунофлуоросцентни методи, ензимоимунски методи (ELISA…), имунски блот методи, методи за множење и делење на нуклеински киселини (PCR ….).

**Б. Мерно u техничка опрема за опремата и средства за работа**

1. за механички големини

- силомер, кој одговара на карактеристиките на опремата за работа која се прегледува и испитува;
- мерач на вртежи, кој одговара на карактеристиките на опремата за работа, која се прегледува и испитува,
- манометри кои одговараат за вртливи гасови, течни посуди во согласност со посебни прописи,

2. за електрични големини:

- мерило за јачина на електрична струја,
- мерило за електричен напон,
- мерило за електрична отпорност,
- мерило за заземјување,
- мерило за диелектрична тврдост на изолација.

3. за други големини:

- мерило за маса,
- мерило за време,
- мерило за температура,
- мерило за должина.